РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-321/4
03.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 4. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.1.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 4. седница на Советот. Седницата започна во 13:35 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 3. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.1.2026 година.
2. Предлог за усвојување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за време на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа, во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година.
3. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 3. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го образложи Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите за време на изборната кампања за повторните избори за градоначалник во општините Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша и Центар Жупа, кои се одржаа во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година. Таа појасни дека, согласно Изборниот законик, Агенцијата има обврска на дваесеттиот ден од настапување на изборниот молк да достави извештај до Државната изборна комисија за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите. Податоците содржани во извештајот се добиени преку целосен мониторинг на радиодифузерите регистрирани за емитување платено политичко рекламирање, а дополнително се проверени во постапката за потврдување на извештаите за реализирани услуги, што исто така претставува законска обврска. Согласно Роковникот на ДИК за спроведување на изборните дејствија за овие повторни избори, дваесеттиот ден од настапување на изборниот молк паѓа на 29 јануари. Од наведените причини, предложено е Советот на Агенцијата да го усвои Извештајот, по што истиот ќе биде објавен на веб-страницата на Агенцијата и доставен до Државната изборна комисија. Во однос на содржината на Извештајот, беше наведено дека за време на изборната кампања за овие повторни избори, договори за емитување на платено политичко рекламирање склучиле вкупно девет радиодифузери, од кои седум телевизии и две радија. На телевизиите и радијата заедно биле емитувани вкупно 87.614 секунди платено политичко рекламирање, што изнесува 24 часа, 20 минути и 14 секунди. Најголем обем на рекламно време емитувале локалните телевизии ТВ Г-ТВ и ТВ Дуе од Гостивар. Од радијата, единствено Радио Комета 2000 од Гостивар и Радио 7 од Тетово склучиле договори за платено политичко рекламирање, при што Радио Комета емитувало 8.664 секунди, а Радио 7 емитувало 6.845 секунди платено политичко рекламирање. Кај телевизиите, најмногу рекламно време закупиле двете коалиции – Национална алијанса за интеграција (НАИ) и коалицијата ВЛЕН, додека коалицијата предводена од СДСМ закупила простор исклучиво на телевизија Канал 5, и тоа во многу мал обем, односно 26 минути и 20 секунди. На двете радија, време за емитување на платено политичко рекламирање закупиле само коалициите НАИ и ВЛЕН. Гледано вкупно за сите радиодифузери, најмногу рекламно време закупила коалицијата НАИ, со вкупно 60 258 секунди или 16 часа 44 минути и 18 секунди. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Демократската партија на Турците во Македонија, како и независниот кандидат Зуљхајрат Демири, иако учесници во изборната кампања, не закупиле простор за емитување на платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите. Податоците за емитуваното платено политичко рекламирање на седумте телевизии и двете радија се прикажани во табеларна форма, изразени во секунди и распределени во три временски периоди во текот на денонокието, согласно образецот утврден од Државната изборна комисија.

Претседателот на Советот изјави дека заедно со членовите на Советот го разгледале Извештајот и табелите содржани во него и констатирале дека истиот е квалитетно изработен и дека не содржи пропусти или грешки.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за време на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа, во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година, со текст како што беше предложен.

Согласно Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија, Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање на програмите на радиодифузерите, за време на изборната кампања за Повторните избори за градоначалник на општина Гостивар, општина Врапчиште, општина Маврово и Ростуша и општина Центар Жупа, во периодот од 22 декември 2025 година до 9 јануари 2026 година, да се достави до Државната изборна комисија на 29 јануари 2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Извештај да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предложеното решение за бришење од Регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ. Тој појасни дека, согласно законските одредби, по одземање на дозволата за емитување, односно по престанок на важноста на дозволата, Советот на Агенцијата е должен да донесе одлука за бришење на радиодифузерот од регистарот. Во конкретниот случај, радиодифузерот самостојно ја вратил дозволата за телевизиско емитување, со што се исполнети условите за негово бришење од регистарот. Донесувањето на одлуката има формален карактер и претставува информирање на јавноста дека наведениот радиодифузер престанува да постои и нема да биде дел од Регистарот на радиодифузери на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, истакна дека ги разгледал сите доставени документи, вклучително и нотарски заверената изјава за откажување од дозволата за емитување, како и барањето доставено до Агенцијата за бришење од Регистарот на радиодифузери. Тој оцени декас се исполнети сите правни и технички услови за бришење од регистарот по барање на самиот радиодифузер. Воедно, посочи дека со донесувањето на оваа одлука се евидентира престанок на работа на еден медиум, изразувајќи очекување дека во иднина ќе постои можност за повторно зајакнување на медиумската понуда во наведениот регион.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ.

Решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за Дозволата за телевизиско емитување, УП1 бр.08-39 од 07.09.2023 година од страна на радиодифузерот согласно издадена фактура од страна на Агенцијата само за периодот на работење, односно од 24.12.2025 година, заклучно до 23.1.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Советничката Афрона Врзиоволи постави прашање дали Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ ги има подмирено сите финансиски обврски кон Агенцијата. Во одговорот, директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека на радиодифузерот му била издадена фактура на 25 декември 2025 година. Во тој период, радиодифузерот најавил дека ќе ја врати дозволата за емитување, но подоцна се предомислил и најавил продолжување со работа, по што Агенцијата му ја издала фактурата за надоместок за дозволата за телевизиско емитување за 2026 година. Рокот од 30 дена за плаќање на таа фактура истекува денес или утре, а истата сè уште не е подмирена. Поради тоа, Агенцијата треба да ја коригира фактурата и да издаде нова фактура за периодот до денот на бришење од регистарот, која радиодифузерот ќе треба да ја плати. Во спротивно, ќе биде поведена постапка за наплата по судски пат.

Советничката Цветанка Миновска постави прашање до стручната служба во врска со точката за давање одобрување за адвокатски услуги, која била разгледувана на една од претходните седници на Советот. Таа потсети дека, по нејзино барање, стручната служба имала обврска да достави статистички податоци за бројот на предмети што адвокатската канцеларија ги застапувала во текот на 2025 година, но дека и по истекот на еден месец такви податоци сè уште не биле доставени. Во одговорот, директорот Трајчевски информираше дека извештајот со бараните статистички податоци ќе биде доставен до сите членови на Советот до крајот на тековната недела.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**заменик на претседателот на Советот,**

**м-р Зирјета Јајага**